Врз основа на член 19 алинеја 5 а во врска со член 22 став 7 од Законот за електронските комуникации (Сл.весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025) и член 18 став 7 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата како орган на Агенција за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 29.01.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

## за продолжување на мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации

I

**СЕ ПРОДОЛЖУВА** мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации Јетон Акику, сметано од 02.02.2026 година се до завршување на постапката за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации, но не подолго од 6 месеци.

II

Одлуката влегува во сила на 02.02.2026 година и истата ќе се објави на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

III

Одлуката е конечна.

### Образложение

Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации на третиот состанокот одржан на ден 29.01.2026 година со почеток во 11:00 часот, донесе Одлука за спроведување на јавен оглас за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации со број 1102-3/3 .

Поради тоа што, мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации Јетон Акику, завршува на ден 02.02.2026 година, а постапката за именување на нов директор на Агенцијата за електронски комуникации не е завршена, врз основа на член 19 алинеја 5 а во врска со член 22 став 7 од Законот за електронските комуникации (Сл.весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021, 222/2024 и 59/2025) и член 18 став 7 од Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 29.01.2026 година со почеток во 12:00 часот, едногласно донесе Одлука со која се продолжува мандатот на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации Јетон Акику, сметано од 02.02.2026 година се до завршување на постапката за именување на Директор на Агенцијата за електронски комуникации, но не подолго од 6 месеци.

ПРАВНА ПОУКА: против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен Суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Агенцијата за електронски комуникации

Претседател на Комисија

Проф. д-р Орце Симов

Наш број 1102-4/4

Скопје 29.01.2026 година